ЈОУДГ “БАМБИ” МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Ул.,,Осоговска,, бр 32;
тел:033/431-227; факс:033/431-227;
е-маил:bambikamenica@t.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ЈОУДГ “БАМБИ” ЗА ВОСПИТНАТА 2019/20г.

**М.Каменица 2020**

## 1. ВОВЕД

Воспитно- образовната и згрижувачка дејност на Јавната општинска Установа детска градинка “БАМБИ” општина М.Каменица, во текот на 2019/2020 г. се реализираше согласно важечките прописи и Регулатива за областа Предучилишно воспитание и образование во Република С.Македонија . .Резултати од дејноста во изминатата година се содржани во следниот извештај.

Работата во градинката ЈОУДГ “ БАМБИ” М.Каменица се водеше од почитување на законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко-психолошки сознанија. Основната дејност- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот , менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од предучилишна возраст , за подготвување во основно образование . За таа цел , во текот на изминатата година, се користеа Основите на Програмата за воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, донесена од МТСП на Р.С.Македонија и се продолжи со имплементација на документот Стандарди за рано учење и развој за деца од 0 до 6 години.Програмските задачи кои градинката ги реализираше во изминатата година беа усогласени со потребите на предучилишно воспитание и образование и неговото воспитно-образовно дејствување, со психо-физичкиот развој на децата, индивидуалните можности на децата.Извештајот содржи период на Пандемија од COVID-19,започнат од 11.03.2020 г. и се уште трае, во кој Установата не опфаќа деца ,односно не се вршеше воспитно згрижувачка дејност со физичка присутност ,односно наставата се одвиваше со е-занимална .

## 2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Појдовни основи за организирање на дејноста на ЈОУДГ”БАМБИ”М.Каменица се:

- Законот за заштита на деца
- Програма за рано учење и развој
- Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години возраст, документ изработен од МТСП на Р.С.Македонија и канцеларијата на УНИЦЕФ;
- Условите кои ги обезбедува градинката за реализација на целите, задачите и програмските содржини;

- Позитивните искуства и резултатите кои ги постигнала Установата во изминатите 29 години самостојно организирање на дејноста во нашата Општина.”

- Најновите педагошко –психолошки научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;

- Педагошко-психолошка литература за развој на детето до поаѓање во училиште.

❖ **Во остварувањето на основната дејност на Градинката, приоритетни цели и задачи беа следните:**

- Создавање на оптимални просторни и хигиенски услови и здрава исхрана;
- Опременост на воспитните групи со соодветен инвентар, играчки, дидактички средства, реквизити за игри и слободни активности;
- Игрите и игровните активности кај децата, со цел правилен физички и сензо – моторен развој, развој на основните движења, спретност, точност и одмереност;
- Развивање на социјални вештини, негување на другарство, градење партнерски односи, толерантност, развивање на самодовербата на личноста на детето;
- Развивање на љубопитноста и интересите на детето како основен мотив за поттикнувањето на сознајно-интелектуалниот развој, подржување на неговите интереси за сознавање и учење, поставување и развивање на неговите елементарни математичко-логични размислувања ;
- Поттикнување на персоналните и индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни психо-физички потреби ;
- Практикување тимска работа во реализирањето на дејноста, поттикнување на креативноста на секој поединец;
- Унапредување на згрижувачко-воспитната дејност преку стручно усовршување на вработените, следење на современата научна теорија и пракса, применување на иновации во реализирање на воспитно-згрижувачката дејност, организирање интерни семинари и едукации, индивидуално стручно усовршување и др.;
- Развивање партнерски односи и соработка со семејствата на децата;
- Воспоставување соработка со Локалната самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на воспитанието и образованието, со Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Центарот за јавно здравје,јавните установи за деца и други стручни и научни институции и органи.

❖ **Во насока на постигнување на гореспоменатите цели за децата од предучилишнавозраст од Општината и опремување на објектот беа превземени следниве чекори:**

- Поради пандемијата годинава се извршени ДДР пет пати,

- Извршени се редовни санитарни(брисеви) и систематски прегледи на варабротените,
- Опремување на просториите (занималните) со нова дидактичка опрема и средства за работа се во насока на создавање на максимално добри услови за престој ,во воспитно згрижувачка дејност на децата во градинка;
- Со спроведување на јавна набавка и годинава се обезбеди превоз за децата од околните села до Градинката и назад до домот од руралните средини ,со финансиска помош од општината на барање на родителите,што обезбеди еднаков пристап до услугите на нашата Установа за децата од околните села.
- Надворешно уредување на просторот во дворот за игровни активности за време на Пандемијата од страна на вработените,со цртање и намена за соодветни игри надвор во дворот,за престој на децата кога дозволуваат временските услови,по препорака на МТСП.
- Фарбање и лакирање на зидовите во занималните и друг инвентар потрбен за одржување на занимањата,
- Тековно одржување на кирби машината ,како и сервисирање на хидрантите и ПП Опремата, како и набавка на три нови ППапарати,
- Набавка на детски блузи со лого за разни манифестации,
- Извршено е поправки и сервисирање и осигурување на моторното возило .
- Инсталирање на нова софтверска програма за евиденција на потрошените прехрамбените производи.
- Поправки и одржување на машините за перење.
- Извршено е осигурување имотот на Установата (зградата и возилото).
- GPRS мапирање на Установата,
- Одржување и сервисирање на е-системот за раб.време и безбедносни видео камери,

### ❖ Реализација на воспитно-образовни активности во рамките на установата:

- Куклени престави;
- Театарски престави во соработка со Домот на културата од М.Каменица;
- Натпревари и квизови;
- Гостувања на надворешни лица (соработници) во градинката;
- Приредби, дружења и хепенинзи;
- Учество на „Игри без граници,, .
- Реализација на проекти со препорака од ресорното министерство – МТСП на Р.Македонија;

- Реализација на стручно –едукативни активности и други форми на работа во рамките на планираното во Развојниот план на установата.
- Реализирани Работилници со тематски содржини ,од кои една со хуманитарна цел и средствата донирани до барателите.
- За време на Пандемијата по препораки од МТСП и Министерство за здравство не се одржуваа манифестации и физички контакти .

## ❖ Реализација на воспитно-образовните активности надвор од установата:

- Посети, прошетки и гостувања во институциите од најразличен тип;
- Посета на библиотека;
- Посета на стоматолошки ординации;
- Посета на училишта;
- Посета на Институции(пошта,банка,општината,базен,спортски терени на ниво на општина;
- Посета на центарот на споменици и останати знаменитости од нашата општина;
- Реализација на активности од областа на екологијата за природната средина преку реализацијата на Програмата “ Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”- ОХО преку разни активности.
- Реализирани Обуки за давателите на услуги ,административните работници и персоналот од кујната и домаќинот, согласно потребите и програмата со цел усовршување во нивната област.
- Поради Пандемијата останаа нереализирани неколку активности од програмата на директорот.

## Практикување транспарентно и јавно презентирање на работата на установата.

Во текот на годината установата претставувана од директорот преку социјалните и пишани медиуми ја презентиравме работата на установата од сите можни аспекти (организациски, едукативно—воспитен, програмски, иновативно-инвентивен, прогресивен и аспект на голема соработливост и вклученост на родителите) во поголем дел од сегментите на работењето на установата. Преку месинџер групи се реализираа прагрaмските активности во целост за време на Пандемијата.

## ❖ Одржување на тревниците и садниците во дворот на објектот.

Имајќи во предвид дека нашата градинка има доста простран и убав двор ,во изминатата година редовно се работеше во следниве насоки:

- Одржување и уредност на тревните површини

- Одржување на постоечките реквизити

- Одржување на бетонскиот дел од оградата на дворот со фарбање во разни бои.

- Хортикултурно уредување на просторот околу објектот што значи дека во континуитет се внимава на уреденост на дворот, тревата, жардињерите, дрвјата, грмушките

- Направена е набавка на семе за трева како и ѓубриво за потхранување на цвеќиња и пристапи кон позеленување на оштетените површини на дворот;

- Дворот редовно се оплеменува тековно со сезонски садници и расади. Грижата и одговорноста за истите се споделуваа со дечињата од поголемите возрасни групи;

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА, ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

**а)** Просторните услови на ЈОУДГ,,БАМБИ,, од М.Каменица се следниве:

Зграда-наменски уредена со 9(девет) занимални од кои 8 за децата од градинка и една јаслена ,8 санитарни детски тоалети,ходници,трпезарија,главна кујна со опрема за приготвување на храна согласно НАССР стандардите,простор за канцеларии,тераси и други помошни простории како и соодветно уреден двор и парк.

Установата располага со сопствено парно греење кое работи на Екстра лесно гориво, со кое и годинава се опслужува и Дневниот центар со површина околу 400 м.Во Установата се користат прстории со три канцеларии за адаминистративна работа ,кабинет за Логопед,Колективна канцеларија и Простор за состаноци на Органите на Градинката.

**б)** Дворната површина задоволува и просторно и на квалитет, со паркови,дрвца,уредени со цвќиња и простор за игра(песок,камчиња,широки тревници,клупи и многу разни видови на дрвца и грмушки) со што дворот има комплетно наменска цел.

в)Детските катчиња во Установата согласно возраста се застапени во занималните кои се добро опремени .

Истите се уредени наменски и функционални и даваат амбиент и простор за креирање,учење и творење и се разбира во нив постои и соодветен простор за одмор.Занималните комплетно се опремени со клима уреди.

г)Во средината на објектот се наоѓа хол или простор за приредби, т.е. Сала за аудио-визуелни теми , со ТВ приемник и DVD плеер.

д)Во нашата Градинка се спроведува Проектот на Владата -Народна кујна со која се опфатени околу 15 корисници , по список на Центарот за соц. грижи -Делчево , кој ги опфаќа најзагрозените лица на ниво на општина.

ѓ)Градинката вршеше услужна дејност на новоотворениот Дневен центар за 16 лица со посебни потреби, подготвување и издавање на храна кои се опфатени во истиот до 10.03.2020 г.

*Годинава во Градинката беа ангажирани **35** лица од кои 26 во редовен работен однос, 1 на определено,и 8 преку Агенција за привремени вработувања.

Директор,логопед,професор по англиски јазик,8 воспитувачки,13 негователки,секретар,сметководител, 2-готвачки,еден помошник готвач,садомијач,домаќин,парноложач ,една перачка пеглачка и 2 хигиеничарки .

**Проектиран капацитет на деца: 180**
**Установата работеше во 8 групи градинка и 1 група јасли**

## ❖ Аудио – визуелни средства и други технички помагала

Градинката располага со следните информатичка,аудио-визуелна опрема и други технички помагала:

| Ред. број | Техничка опрема | Количина |
|---|---|---|
| 1. | ЦД плеери | 8 |
| 2. | ТВ приемници | 2 |
| 3. | ЛЦД проектор | 1 |
| 4. | ДВД плеери | 2 |
| 5. | Компјутери | 2 |
| 6. | Лаптопи | 10 |
| 7. | Мултифункционален печатар, Принтер,скенер | 3 |
| 8. | Печатари | 2 |

## ❖ Стручна литература, стручни списанија и списанија за деца

ЈОУДГ,,БАМБИ,,М.Каменица за стручно усовршување на кадарот и за унапредување на дејноста располага со соодветен библиотечен фонд од стручна литература за деца, чиј број, во текот на наредната година ќе се зголемува.Во блиотечниот фонд располага со книги кои го следат современиот тренд на педагошка наука, како и современите потреби за реализација на воспитно-образовната дејност. По однос на тоа,предвидена е набавка на нови литературни наслови, прирачници, сликовници, приказни и драмски текстови, а по потреба и енциклопедии за деца од различен вид, книги со детски игри .

Континуираната соработка со Едукативен центар,,Алгоритам центар,, Скопје и ,,Коучинг-Н,, Друштво за Консалтинг услуги –Битола,обезбеди стручно усовршување за Давателите на услуги.

## ❖ Поставеност

Градинката во текот на годината обезбеди оптимални услови за работа на децата, преферирајќи ги притоа индивидуалните специфики на секое дете посебно, неговите потреби, способности, интереси и сл.
Работното време на градинката се одвиваше од 5,30 часот до 16,30 часот, во сите објекти.

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО

| Време : | ВИД НА АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 6,00-7,30 | Прием на деца и слободни активности |
| 7,30-8,00 | Утринска гимнастика |
| 8,00-8,45 | Појадок-слободни активности |
| 8,45-9,00 | Активен одмор |
| 9,00-9,30 | Насочени активности |
| 9,30-10,00 | Активен одмор |
| 10,00-10,30 | Насочени активности |
| 10,30-11,00 | Игри и прошетки |
| 11,00-11,30 | Ручек |
| 11,30-13,30 | Одмор и спиење |
| 13,30-14,00 | Ужина |
| 14,00-15,45 | Испраќање на децата |

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗГРИЖУВАЧКО-ВОСПИТНАТА РАБОТА СО ДЕЦА

Имајќи ги во предвид практичните согледувања од досегашниот опфат на деца на ниво на општина,бележиме максимален опфат ,го надминавме капацитетот со опфат на 182 деца на ниво на Градинка. Во ЈОУДГ "БАМБИ" во текот на 2019/2020 година се продолжи со реализација стратегии и педагошки акции во насока на создавање и градење на институција во рамките на која се опфатат и децата од околните рурални средини, пристап за еднакви права на сите деца на ниво на општина од предучилишна возраст ,,,т.н.,,ФЕР ИГРА,,во која и децата од околните села престојуваат , ќе растат и ќе се развиваат во личности кои (се социјализираат и стекнуваат со вештини и когнитивен развој)ќе се карактеризираат со безброј позитивни особини, како и децата од градската средина.Кога станува збор за хуманистичко педагошко-психолошкиот правец во работата на нашата установа, тоа со други зборови би значело дека голем акцент се посвети на издигнување на личноста на детето со акцент на неговите права без разлика на било кое ниво.

Организираната работа во Градинката се реализираше преку поделбата на децата по возрасни групи кои се утврдени со Законот за заштита на децата. Во сите воспитни групи беше организиран адекватен престој за децата со соодветна опрема и инвентар кој беше прилагоден на возраста на децата и нивните развојни потреби. Во преден план беше обврската да се обезбеди безбедна средина,организиран простор за движење, игра и учење, а поттикнувачки фактор беше волјата на детето, инспиративниот материјал и слободниот пристап на детето кон игра и истражување.

Воедно напоменуваме дека во текот на Пандемијата активностите се организираа преку е-занимална.

***ПРЕГЛЕД НА ДЕЦА И ВОСПИТНИ*** ГРУПИ

| Реден број | Возрасни групи во целодневен престој | Број на групи | Број на деца |
|---|---|---|---|
| 1. | Возрасна група ( до 2 години) | 1 групи | 11 деца |
| 2. | Возрасна група ( над 2 до 3 години) | 1 групи | 22 деца |
| 3. | Возрасна група (над 3 до 4 години) | 1 групи | 27 деца |
| 4. | Возрасна група ( над 4 до 5 години) | 2 групи | 31 деца |
| 5. | Возрасна група ( над 5 до 6 години) | 3 групи | 66 деца |
| 6. | Хетерогена група(над 2до 6години) | 1 групи | 25 деца |
| | Вкупно: | 9 групи | 182 деца |

## 4.1.ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ЈАСЛЕНИТЕ ГРУПИ

При организирањето на животот и работата на детските јасли се водеше сметка за специфичностите на психичкиот развој на децата и нивните можности.Заради специфичностите на овој животен период кои произлегуваат од брзото растење и развој на децата,потребно е да се задоволат нивните органски потреби односно правилно да се спроведуваат негата и исхраната на децата,но и развојот на емоционалниот живот,социјален и моторички.

Покрај општите карактеристики за овој период и организацијата на воспитно-згрижувачката дејност,програмата беше органозирана согласно возраста. Поради раната возраст на децата, се обрнуваше посебно внимание на здравствената и превентивната здравствена заштита, поради што се бараше Потврди за примени вакцини за соодветната возраст. Исто така на тој план се вршеа:

- Периодични и вонредни дезинфекции и дезинсекции на просториите;
- Систематски здравствени прегледи на вработените;
- Редовна дезинфекција на приборот за јадење и играчките;
- Редовна контрола на калоричноста и исправноста на храната;
- Стручно усовршување на негователите на планот на здравствената заштита и организирање интерни семинари, како и учество на семинари организирани од стручни здравствени институции.
- Просторните услови во кои работат јаслените групи се одлични и се во потполност сообразени со стандардите и нормативите за овој вид на дејност и возраст и во рамките на објектите се просторно издвоени како оделни целини.

- На планот на воспитно-згрижувачката работа со децата од јаслената возраст, беа реализирани активности со децата претходно испланирани од страна на стручниот тим . Планираните активности се реализираа во насока на поттикнување на социо-емоционалниот, сензо-моторниот и конгнитивниот развој на детето. Со соодветни игри се потикнуваше елементарниот развој на говорот кај децата, креативните потенцијали и другите рани воспитни вештини на истите.

## 4.2 ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ГРАДИНКА

Во објектот на Градинката,се реализираше воспитно-згрижувачка дејност со деца на возраст до 6 години, односно до поаѓање во основно училиште. Воспитните групи беа формирани и работеа согласно нормативот од 08-35 деца во група, во зависност од возраста на децата. Во секоја група работеа по два извршители, воспитувач и негувател, а по потреба два воспитувачи или два негуватели и еден воспитувач.

Просторните услови во кои се реализираше воспитно-згрижувачката дејност се многу добри, така да децата имаа одлични услови за престој, слободни активности, игри и воспитно-образовна работа. Сите воспитни групи беа опремени со соодветен мебел сообразен со возраста на децата, куклени катчиња со играчки, а секоја група располагаше со богат и разновиден дидактички материјал, што значи дека децата престојуваа во високо стимулирачка воспитна средина. При опремувањето на групите со мебел на преден план беше определбата за овозможување безбедена средина и доволно простор за слободно движење, игри и учење на децата.

Воспитувачите и негователите водеа сметка за холистичкиот развој на децата како и за приоритетните потреби за детскиот развој. Во планирањето на воспитните активности се водеше сметка за комплементарната поврзаност и меѓусебна условеност на сите домени, кои беа база на холистичкиот пристап за рано учење и развој на децата.

Во контекст на планираните активност не беше запоставена личноста на детето и неговиот инспиративен карактер, што беше секогаш во преден план во организираниот живот на детето.

Превентивната здравствена заштита и здравствената заштита на децата од оваа возраст перманентно се остваруваше во сите сегменти, односно здравјето на децата беше под постојана опсервација каде при упис на секое дете од 0-6 г. се бараше потврда за здравствена состојба и за примени вакцини.

Исхраната на децата како важен сегмент за правилен физички и психички развој на детето, беше во центарот на внимание и грижа на повеќе профили на извршители, почнувајќи од непосредните извршители-готвачите и директорот,по препорака од Центарот за јавно здравје и Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

### ❖ Реализација на посебните аспекти од воспитно- образовниот процес

Покрај интегралната разработка на сите програмски воспитно – образовни подрачја, при реализацијата на воспитно - образовниот процес се обрна внимание и на следните аспекти:
- работно воспитание;
- развој на здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики;
- културно - информативно и спортско - рекреативна дејност;

- еколошко воспитание.

Работното воспитание на децата се аплицираше во секојдневниот воспитно - образовен процес со нив, преку следните активности:
- уредување на просторот и средување на играчките;
- активирање во воспитно - образовните и животните активности;
- поделба на обврски меѓу сите членови на групата (деца и возрасни);
- посета и контакти со соодветни лица и институции, запознавање со различни професии и активности на возрасните;
- играње игри на улоги и имитативни игри;
- презентирање модел на идентификација (примерот на возрасните):
- соодветни акции во дворот на градинката;
- разработување различни содржини: приказни, песни, драмски текстови;
- реализирање активности за самопослужување и помагање на другите и сл.;
-развивање на љубов и интетрес кон одредени професии како и разбирање на тежината и спецификата која секоја работа и ангажман ја носат со себе;
Преку овие, како и многу други активности кај децата се дејствуваше врз:
- создавање работни навики;
- осамостојување во самопослужувањето од различен вид;
- создавање потреба за активирање;
- поттикнување на самоиницијативноста;
-градење љубов и потреба од работа како позитивен став кон ефектите од работата;
- запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби;
- создавање позитивни емоции, задоволство по завршената работа.

**Развој на здравствено - хигиенски навики**

Со цел поуспешно да се воспитуваат и развиваат здравствено - хигиенските и културно - хигиенските навики кај децата, во ЈОУДГ по насоки на надлежни стручни лица се презедоа мерки на следните нивоа:
- конкретно преземени здравствени и хигиенски мерки;
- превземање на вонредни и интервентни мерки по однос на состојби кои се актуелни во средината во која се живее;
-Давање писмени насоки и укажувања до вработените и родителите од страна на директорот на установата по однос на здравјето, здравата средина за престој на децата и сл.;
- стручно усовршување на кадарот за создавање здравствено – хигиенски и културно - хигиенски навики кај децата.;

Културно - хигиенските и здравствено - хигиенските навики се воспитуваа континуирано во текот на целиот престој на детето во градинката, односно низ различните видови

воспитно - образовни содржини и низ реализацијата на животните активности на детето. Секако, во текот на годината и преземените мерки од страна на возрасните претставуваа модел на дејствување врз сопственото и туѓото здравје (проветрување на просториите, редовна промена на постелнината, редовно миење на рацете, користење на течен сапун и средство за дезинфекција на рацете, уредување на просторијата,уредност и култура при исхраната и сл.).

## 5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### ❖ ЗДРАВИ ЖИВОТНИ НАВИКИ

Предучилишната средина е една од најзначајните општествани формации која има значајно влијание врз формирањето на личноста на детето.Затоа од особена важност е на детето да му се понуди средина и активности преку кои детето ќе развие здрави животни навики и ќе стекне вештини за препознавање на опасни ситуации и вештини за опасно однесување во околината.Тоа првенствено подразбира развивање компетенции како што се самостојност во изведување на секојдневните активности поврзани со личната нега и хигиена, стекнување вештини за препознавање на опасни ситуации како и одговорно однесување кон околината, кон врсниците и возрасните со кои секојдневно стапуваат во интеракција.

Во прилог следуваат неколку реализирани содржини интегрирани во редовната програма на градинката со децата од возрасни групи над 5до 6 г.

**“Мали готвачи”**

Малите готвачи учеа како да приготвуваат здрава храна.Користејќи здрави продукти и соодветни алатки во детската кујна, приготвуваа овошни салати, свежи сокови и житни ужинки. Храната ни помага да растеме и правилно да се развиваме.Така секое дете ќе биде силно здраво и полно со енергија.И приготвувањето храна може да биде забавно.Особено кога тоа го правиме во градинка со другарчињата и возрасните.

**„Изработки од овошје и зеленчук”**

Родителите и воспитувачите преку работилница ,преку своите креации им понудија на децата најразлични овошни и зеленчукови плодови, како и разновиден друг материјал (чепкалки за заби, волнени жици, колаж хартија и сл.) Децата изразија интерес за манипулирање со овој материјал и после одредено време започнаа да ги “оживуваат” плодовите, покажувајќи големо задоволство од постигнатите резултати. Децата од големите воспитни групи, спонтано се вклучуваа во активностите, ги разменуваа

материјалите и започнаа да драматизираат со употреба на своите изработени кукли.

## ❖ СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во текот на целата воспитна година дечињата од поголемите воспитни групи на возраст од 3 до 6 години зедоа учество во активности за зајакнување на грубиот и финиот моторички развој како што се:

- Развивање на основните движења - правилно дишење,одење и трчње
- Развивање на основните движења - потскокнување и скокање
- Развивање на основните движења - провлекување, ползење и качување, тркалање и фрлање
- Корективна гимнастика - игри со одење на прсти на рамна и нерамна подлога
- Корективна гимнастика - вежби за провлекување, ползење и качување
- Корективна гимнастика - вежби за тркалање,фаќање-фрлање
- Вежби во стоечка положба
- Вежби во седечка и лежечка положба

Покрај горе наведените содржини, дечињата од големите воспитни групи имаа можност потемелно да се запознаат о да учествуваат во низа спортски активности:

**Манифестација за детската недела,, Игри без граници”**

Игрите со реквизити со други групи од натпреварувачки карактер се одлична забава за децата во градинка. Тие овозможуваат децата да поминат подолго време на чист воздух, да бидат повеќе физички активни, да се дружат и низ забава и игра сестрано да се развиваат,и да го јакнат натпреварувачкиот дух. Токму поради тоа, дечињата од градинките од регионот имаа можност да уживаат во игрите и да се забавуваат со најпосакуваните активности. Децата се натпреваруваа со јажиња,со штафети,со вреќи и сл.во ЈОУДГ,,Вера Цививири Трена,,Штип.

## ❖ СЕМЕЈСТВО И СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ

Семејството е место каде детето треба да се чувствува безбедно, сакано и прифатено.Семејството е, и ќе остане најважен столб,основа за секое дете ,а сложното семејство,основа за развивање и растење на детето . Токму поради тоа, во текот на целата години се интегрираа содржини во рамките на воспитно- образовбите планови во воспитни групи на возраст од 4 до 6 години. Во прилог на овој извештај, ќе наброиме неколкод нив:

**Работилница “Зимницата наша вкусна”**

Со цел реализирање на тема за семејството и семејните вредности, во септември се реализира работиулница со децата .Целта е развој на љубопитност интерес за подготвување зимница од зеленчукови и овошни плодови, да се воведува во елементарни работни навики,да се збогатуваат сетилните искуства преку набљудување ,допирање мирисање вкусување.Преку приготвување и вклучување на децата во нив се развива чувство на припадност и љубов кон семејството.

## МОЈА ХИГИЕНА- МОЈА НАВИКА

Грижата за хигиената е една од основните мерки за зачувување на здравјето. Преку реализација на воспитно -образовниот процес предвиден во програмата, се обезбедува запазување на потребното ниво на хигиена и навиките за водење на личната хигиена.

Проектот „Моја хигиена -моја навика" е систем за запазување на хигиената и хигиенските навики. Со имплементација на овој проект се исполнуваат основните програмски претпоставки на заштита, односно згрижување и едукација на децата од предучилишна возраст до вклучување во основно образование.

Во прилог на текстот следуваат неколку активности кои беа реализирани со децата на возраст од 2 до 6 години.

**" Хигиената прави насмевките да ни бидат здрави"!**

Во рамките на проектот " Моја хигиена моја навика" дечињата од големата група ја посетија Фирмата за производство и трговија на природна козметика и средства за хигиена„ДАНИНИ„..ДООЕЛ М.Каменица во нашиот град . При посетата, децата имаа можност да го откријаат начинот на подготовка на средства за хигиена од природни материјали. Децата имаа можност да следат демонстрација на мешање на цветови и природни уља за производство на сапуни, развивајќи ја потребата од поставување на прашања со цел да се добие објаснување за нештата што несе јасни.

Утврдувајќи практично да се збогати сетилното искуство преку допирање и мирис на разни материјали Овие активности се реализираат со цел децата уште од рана возраст да стекнат знаења и искуства за значењето на хигиената во развојот и одржувањето на здрвајето на човекот.

## ❖ ГРАДОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ

**"Новогодишниот лик на нашиот град"**

Во рамки на проектот децата беа во обиколка на градот ги разгледаа новогодишните украси по улиците и централното градско подрачје како и елката како симбол на Новата година.

Целта на проектот беше побудување и негување на детските чувства кон градот и убавините во него за време наа Новогодишните празници.

Со посетата на градските украси целта е  поттикнување на детската фантазија и искажување на новогодишните желби,развивајќи ги позитивните емоции како што се љубов,радост, среќа ,задоволство, опуштеност и сигурност.

.

## ❖ БОН- ТОН

Бонтонот претставува кодекс на однесување на кој треба да се придржува секој припадник на општеството. Бонтонот подразбира правила на убаво и пристојно однесување во било која ситуација од секојдневниот живот и најстрого ги осудува навредите и физичките пресметки. Тој нè учи како треба да се изразуваме, однесуваме и комуницираме во секој момент и зборува за нивото на развиеност на нечија култура, од што може да се изведе заклучок дека облиците и правилата на однесување не се идентични во сите делови од светот. Бонтонот секогаш се адаптира на ситуациите и потребите на луѓето кои живеат на одредена територија или општество, а со цел да овозможи пријатна атмосфера.

**„Волшебните зборови„**

Воспитувачите  секојдневно ги користат куклите во комуникација со децата, земајќи ги во предвид големите можности за реализација на многу воспитно-образовни цели. Куклата може да го отвори “прозорецот” во тајниот детски свет, го поттикнува детето на игра, со помош на куклата ги учи облиците на однесување, гради доверба во сопствените можности...Драмските активности со кукли поволно влијаат на детското размислување, фантазија, вербалното изразување. Во рамките на овие активности децата од сите воспитни групи имаа можност да ја проследат претсавата “Волшебните зборови” која имаше за цел да ги поттикне децата преку ликовите на различните емоции,  да развиваат свест за сопствените чувства, да ги препознаваат  истите, но и да градат сопствен начин на изразување на чувставата, прифатлив и препознатлив за другите.

## ❖ РЕЦИКЛИРАЊЕ СО ИМАГИНАЦИЈА

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст, за бенефитите од селектирањето на отпадоци и негово рециклирање.

Иницијативата на овој проект е општа култура на новите генерации во знаење дека животната средина е клучна предност која треба да биде заштитена. Здравиот начин и свеста за проблемите на животната средина, за кои треба да сугерираме за поголемо внимание и почитување на правилата за заштита на светот и неговите ресурси. Трасата започнува од природната љубопитност како и возбудата за истражување и откривање.

**Преку работилницата „Декоративна конзерва„ децата се едуцираа за придобивките од селектирање и рециклирање на отпад,да се развива лична одговорност за заштита на животната средина.**

**За време на Пандемијата со децата не се организираа активности во соработка со пошироката средина.**

### 5.2 Информација за спроведување на Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем се спроведе преку следните стандарди

ЕКО-АТАНДАРД 1. Заштеда на енергија-користење на сончевата енергија за производство на електрична енергија

ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода-собирање дождовница за полевање еко градина

ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина-селектирање на отпад

ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден еколошки двор-засадување чемпреси

## 6. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО РАБОТАТА НА ГРАДИНКАТА

Во интерес на успешната соработка со семејствата, на почетокот на годината беше усвоен годишен план за таа цел. Тој беше разгледуван на ниво на стручните тела и на ниво на родителски средби,односно Совет на родители, се до 10.март 2020 година.

Планот ги предвиде следните форми на соработка:

- формални и неформални индивидуални разговори со родителите;

- средби со родители на новопримени деца;.

- општи и групни родителски средби;

- индивидуални средба на родителите со стручниот тим на установата и со директорот;

- учество на родителите во воспитно - образовниот процес, преку раскажување случки, приказни, песни, презентација на професии, изработка на играчки, подготовка на приредби, прослави на родендени, учество во разновидни акции, учество на родител во едукација на други родители и сл.;

- посета на работното место на родителот;

- посета на семејствата дома;

- приредби и прослави пред родители;

- писмено комуницирање со родителите;

- педагошка едукација;

- попладневни средби и дружења, работилници и сл.

Најчести и најуспешно реализирани форми беа индивидуалните контакти со родителите, средбите со родители на новопримените деца, писмено комуницирање, учеството на родителите во воспитно - образовниот процес, едукацијата на родителите и попладневните средби и дружења.

Писменото комуницирање најчесто се реализираше еднострано од градинката кон семејството преку родителското катче и преку различни видови информации во писмена форма.

Едукацијата на родителите се реализираше преку: стручни написи на влезното пано, изложби на книги за развојот на децата; изложби на фотографии за детскиот живот во градинката, ликовни творби и слично.

Успешна форма на отвореност беше и вклучувањето на родителите во реализацијата на воспитно - обрзовниот процес, односно нивна вклученост во: активностите на децата по катчиња, организирање прошетки, родендени и сл.

Отвореноста на градинката кон семејството, покрај на ниво на установата, се планираше годишно и периодично и на ниво на една воспитна група, а како продолжение од минатите години.

Во текот на изминатата година успешно беа изведени неколку работилници со родителите, на кои тие, заедно со децата и кадарот неформално изработуваа различни предмети од разновиден необликуван и обликуван материјал. Овие активности се документирани на ЦД-ња и фотографии.

## 7 . КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВНА И СПОРТСКО- РЕКРЕАТИВНА ДЕЈНОСТ

Културно - информативната и спортско - рекреативната дејност во Градинката беше редовно спроведувана преку различни форми на воспитно-образовно дејствување. За таа цел беше реализирана редовна соработка со родителите на децата и со околината воопшто, како и редовни посети на институции од различен вид.

Со однапред предвидени задачи и содржини кај децата редовно се поттикнуваше потребата од следење на културните збиднувања и од учество во нив, а се создаваа и навики за спортско и рекреативно искористување на слободното време.

Покрај учеството на јавни и културни манифестации и спортско– рекреативни активности, кое е опишано во соодветниот дел од Извештајот, со децата редовно се водеа разговори на таа тема, се спроведуваа различни хоби - активности, се изведуваа гимнастички вежби, се изработуваа книги, збирки и календари во групите, се следеа корисни и практични ТВ емисии на таа тема, се водеа разговори за различни видови музика, се посетуваа театри, ,библиотека, се организираа ликовни ателјеа, сообраќајни катчиња, редовно секористеа фискултурните реквизити, се посетуваа институции од различн вид и сл.

Во текот на 2019/2020 година реализирана е богата јавна и културна дејност преку отвореност на градинката кон семејствата, соработка со училиштата, преку посети на различни институции и установи, средби со значајни личности, куклени претстави и слично.

### ❖ Соработка со други градинки

ЈОУДГ “БАМБИ” – М.Каменица, во текот на изминатата година оствари соработка со речиси сите градинки на територијата на истокот на Р.С.Македонија преку проектот ,,Игри без граници,, во рамки на Детската недела 2019 г.која се одржа во Штип, како и преку обука за ,,Еразмус програмата,, во Градинката во Кочани..Павлина Велјанова,,.

Освен наведените меѓусебни посети, постојано во текот на годината разменувавме стручни искуства со повеќе градинки од Републиката.

### ❖ Соработка со стручни и научни институции, производствени организации, институции

ЈОУДГ,,БАМБИ,,М.Каменица остварува соработка со следните институции:

- Општина М.Каменица;

- Министерство за труд и социјална политика на Р.С.Македонија;

- Биро за развој на образованието на РСМакедонија;

- Педагошки факултет "УГД Гоце Делчев" - Штип

- Јавно здравје Кочани

-Јавни гласила: МТВ; МИА,Локални и регионални ТВ канали,Радио мрежи др;

### ❖ Јавни манифестации

Јавната и културна дејност се реализираше во градинката и вон неа, и тоа:

- Следење интерни куклени претстави

- Следење на театарски претстави

- Следење на натпревари и квизови

- Интерни приредби , прослави и хепенинзи

За реализираните активности поконкретени содржини и опис на настаните може да се пронајдат на ВЕБ-страната на градинката.

## 8. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Согласно законската регулатива во изминатата воспитно згрижувачка година имавме Систематски прегледи за вработените.Се разбира овие активности на Градинката се во интерес и на родителите и на Установата се со цел подигање на здрави и негувани деца.

Покрај систематските прегледи редовно се извршуваше и посета на Санитарни инспектори , епидемолози и редовно-и вонредно извршивме дезинфекција, согласно состојбата.

Здравствената Заштита беше надополнета и со посета на стоматолог за деца,со цел советување и објаснување од неопходната потреба од редовно миење на

забите,редовна посета на стоматолог.Спроведување на хигиената во сите простории во кои децата престојуваатсе применуваше преку:

- Спроведување на хигиената во сите санитарни јазли,секојдневно.
- Редовна перомена на детската постелнина.
- Редовно миење и дезинфекција на играчките и др .нагледни средства,три пати во неделата и водење на писмена евиденција.
- Редовно проветрување на просториите,
- Одржување на дворните места,контрола на хигиената на останатите простории
- Контрола за начинот на припрема ,употреба и чување на дезифекционите средства.

Во соработка со персоналот во кујните перманентно се контролираше хигиената во кујната, исправноста на намирниците, дистрибуција на оброците,контрола на хигиената на кујнскиот персонал и нивните хигиенски навики, контрола на енергетската и биолошката вредност на намирниците, креирање на неделна листа на исхрана и во согласност со нормативите се планираа и бројот на оброците во текот на денот со одреден временски распоред. После секој увид редовно се вршени консултации со персоналот од објктот и давани се инструкции за одредени пропусти и недоследности.

Процесот на имплементација на ХАССП стандардите се одвива континуирано во кујната каде се запазени сите критични точки на евентуални ризици.

Сите новопримени деца мора да поседуваат медицинска потврда за нивната здравствена состојба .Овие документи се неопходно потребни за отварање на досие во кое се евидентира вакциониот статус и извршените систематски прегледи за време на престојот во градинка

Растот и развојот на децата го следевме преку:

-Антрополошки мерења т.е. мерење на висина и тежина, обем на глава и граден кош, преку кои параметри се оценуваше брзината и темпото на растот специфичен за таа возраст.

## 9. СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### ❖ Стручен совет

Стручниот совет го сочинуваат директорот, логопедот.. како и преставници ( по еден воспитувач и еден негувател ). Во текот на изминатата година тој ги реализираше следните задачи и активности:

-активно работеше и придонесуваше во осмислувањето и реализирањето како на поставентата годишна програма, така и на извештајот кој произлегуваше од таквите активности;

-градеше стратегија за максимално искористување на просторот наспроти рационалното отварање на групи според расположливиот кадар;

-осмислување на планот и распоредот на кадарот ;

- давање насоки(писмени и усни) за значајни прашања од тековното работење;

- спроведување перманентна аналитика на работата и постигнатите резултати;

- спроведување перманентна аналитика на состојбата на деца по воспитни групи како и барање отчет од секој воспитувач и негувател за причината за евентуално испишување на дете од групата во која работата, како и превземање на соодветни мерки;

- давање мислења и предлози во поглед на организацијата на работата и условите

за работа;

- дефинирање и презентирање на Месечните планови за работа на стручните соработници;

- ги разгледуваше програмите и плановите за работа и превземаше мерки за нивно извршување;

- го разгледа планот за стручно усовршување на кадарот во детската градинка;

- утврдување потреби од игровен, дидактички и друг материјал за работа со деца, како и потреби од основни средства и потрошен материјал за нормално реализирање на дејноста.

-изврши навремено формирање на групите за наредната воспитна година како и распоред на расположливиот персонал;

-стручно ги анализираше и даваше свои предлози, ставови и размислувања по однос на организирање на работа во оние тимови(групи) каде од здравствени, лични и семејни причини е оценета потреба од помош, се во интерес на безбеден престој на децата во градинка;

-стручно, осмислено и планирано приоѓаше кон завземање ставови околу проблемите во групата со децата со потешкотии во развојот по насоки на Логопедот;

Стручниот совет се состануваше по потреба ( а некогаш и вонредно) и на своите состаноци ги разгледуваше и решаваше и тековните проблеми на градинката.

## ❖ Совет на воспитувачи

Советот на воспитно - образовниот кадар дејствуваше во две насоки:

- усовршување на дејноста на градинката и

- стручно усовршување на членовите на Советот.

Состаноците ги одржуваше еднаш во месецот , а по потреба одржуваше групни и индивидуални - консултативни средби.

Стручното усовршување на кадарот се реализираше преку следните форми:

- консултации и разработка на стручна литература;

- теоретски предавања според однапред избрани теми;

- психолошки работилници;

- следење и анализирање на резултатите од работата;

- меѓусебна размена на искуства;

- учество во стручни форми на усовршување вон градинката;

- практично решавање на одредени ситуации;

-информирање за актуелни прашања и разгледување на современи стручно -

научни трендови од областа на педагогијата , психологијата идефектологијата;

-иновирање на дејноста.

Главни полиња на разработка на Активот беа:

- усовршување на непосредната работа со децата;

- евалуација и самовреднување;

- решавање на практични ситуации во рамките на Активот;

- развој на програмата за работа со децата;

- јакнење на самодовербата, меѓусебната доверба и толеранција;

- учење стратегии за надминување на актуелните стресни ситуации.

## ❖ Совет на негуватели

Во текот на 2019/2020 година Стручниот совет на установата активно ги реализираше активностите и со :

• Советот на негователки;

Како и досега тој максимално се посвети на: стручно усовршување на членовите на Советот, унапредување на непосредната работа со децата, како и нивно ангажирање и вклучување во изборот, работата и содржината на она што тематски ќе се испланира.

Негувателките на секој состанок беа доследно информирани за сите позначајни и актуелни настани и новини во педагошката теорија и практика и беа редовно вклучувани во сите воспитно - образовни активности во градинката.

Едукацијата за различни аспекти на воспитно - образовниот процес се реализираше и преку интерни средби и состаноци  на стручната служба во рамките на градинката. Поголем акцент во работата се обрна на хигиенски навики и одржување на личната и околна средина..

Стручното усовршување на интерно ниво се реализираше преку стручна разработка на актуелни теми, едукативни работилници и практично решавање на одредени ситуации.

Соработката меѓу членовите на Советот како и меѓу нив и воспитниот кадар овозможи позитивна размена на искуства по однос на сите иновативни процеси што позитивно се одрази врз реализацијата на воспитно - згрижувачката дејност.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ И ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Стручната дејност во градинката континуирано се развиваше во текот на 2019/2020 година како продолжение на долгогодишната работа на тоа поле. Унапредувањето на дејноста успешно се рефлектираше во практиката, резултирано од стручното работење на соодветниот кадар во градинката, поединечно и преку стручните тела. За таа цел во ЈОУДГ функционираат следните стручни тела: Стручен Совет, Совет на воспитувачи и Совет на негователки.

Покрај анализата за примена на различни новини и резултати од работата со децата, Стручните совети теоретски разработуваа: одредени теми, стручна литература и периодика, сознанија од посетени семинари, трибини и сл. што се наведени во извештајот. Членовите на Стручните совети беа редовно информирани за новините во педагошката и психолошката теорија и практика, изнесени на семинари, симпозиуми и слични средби.

Позитивното работење на Стручните совети се одрази позитивно и врз реализацијата на непосредната воспитно - образовна работа со децата. Дејноста на Стручните совети и стручното усовршување на нивните членови се реализираше според однапред усвоен годишен план со програмски роковник за наведените активности.

Стручното усовршување на кадарот се реализираше преку следните форми:

- консултација и разработка на стручна литература;

- теоретски предавања според однапред избрани теми;

- следење и анализирање на резултатите од работата;

- меѓусебна размена на искуства;

- учество во стручни форми на усовршување вон градинката;

- практично решавање на одредени ситуации;

- психолошки работилници;

- информирање за актуелни прашања и разгледување на современи стручно - научни трендови од областа на педагогијата и психологијата;

- иновирање на дејноста.

Главни полиња на делување беа:

- усовршување на непосредната работа со децата;

- евалуацијата и самовреднувањето, планирањето и реализирањето на индивидуалната работа и развој на програмата за работа;

- начинот на едукација на родителите и соработка со нив разработени низ наведените теми.

## 10.ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ

Инклузијата е процес кој обезбедува најдобро воспитно-образовно опкружување на децата со ПП и создава услови за надминување на предрасудите и стереотипите т.е зголемено учество,прифаќање и вклучување, а намалување на исклученоста на децата.Сите овие дејствија му овозможуваат на детето припадност.

Иако инклузијата е процес на системски промени ние како градинка се обидуваме да одговориме на потребите на сите деца како поединци без разлика на нивниот проблем, хендикеп или припадност преку добра соработка и организираност.За таа потреба формиран е инклузивен тим кој го сочинуваат логопед и директорот на градинката.

За стручно усовршување на воспитниот кадар во текот на годината беа спроведени предавања на тема” Инклузија во предучилишните установи” од страна на инклузивниот

тим на градинката.Беше дискутирано за инклузивните практики во нашата градинка но и за проблемите со кои се соочуваат при процесот на инклузија, се со цел надминување на истите.

Беше направена евалуација од логопедот при што се забелажани повеќе позитивни примери на инклузивниот процес,како кај децата кои имале големи потешкотии со адаптација, нивно вклучување во групни активности, потешкотии со други социјални вештини кои успеале да ги надминат. Имаме позитивни примери и кај деца кај кои непостоел говор, но со учење по пример од децата од редованата група говорот е добиен и се користи за комуникација. Затоа ниедно друго средство неможе да го замени учењето во редова група со своите врсници кои се со типичен развој.

Како заклучок во однос на инклузијата во предшколската возраст можеме да кажеме дека

-раната процена и навремената интервенција може да ги ублажи последиците од потешкотиите и да создаде предуслов за понатамошно школување во редовното училиште,

-раната интеракција помеѓу децата кои се со потешкотии и оние со типичен развој води кон процес на формирање на позитивни ставови,

-инклузијата во предшколската возраст на децата со потешкотии во развојот овозможува развојот да оди во позитивна насока, како и нивно прифаќање во социјалната средина.

## 11. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Својата севкупна работа директорот ја засноваше согласно законските одредби како и нормативните акти на Градинката, а во непосредна соработка со Министерството за труд и социјална политика на РСМ, општината М.Каменица, како и со други стручни институции, воспитно - образовни асоцијации, стручни лица кои повремено и по укажана потреба беа консултирани а , годинава поради пандемијата COVID-19 програмата се реализаира и согласно Уредбите од Владата во периодот по 11.03.2020 г.

Во својата работа директорот беше главен водач, организатор и координатор на целокупната работа во установата.

Конкретно, за изминатава година директорот на установата ги има реализирано, организирано, поттикнато, насочено и презентирано следниве активности:

1. Активно учествуваше, директно се инволвираше и практично делуваше во насока на содржинско осмислување на годишната програма за работа како и на сите други придружни планови на стручните тела и стручните работници во рамките на установата;

2. Активно учествуваше во изработката на предлог финансовиот план за работа (Буџет за 2019/2020 г) ,во Планот за јавни набавки преку транспарентно и наменско трошење на средствата ,со давање на конкретни и издржани предлози во која насока да се инвестират и насочуваат расположливите средства на установата,и инвестирвме во унапредување на Програмските активности ,воедно се изготви Развоен план на Установата за периодот 2020-2024 г.

3. Даде огромен придонес вложувајќи посебно напори за дополнително обезбедување на средства како преку МТСП на Р. С.Македонија така и преку општината;

4. Целосно се посвети на организирање и координирање на воспитно- образовната работа по групите, давајќи при тоа предност во ангажирањето на логопедот и стручните соработници, се со цел да се добие и постигне максимално добра организираност и ефикасност во работата;

5. Перманентно вршеше посети на воспитните групи комуницирајќи и соработувајќи непосредно и блиско со вработените, при тоа навремено согледувајќи ги и решавајќи ги сите новонастанати состојби;

6. Перманентно вршеше посети на занимањата во групите, при тоа непосредно комуницираше со сите структури на кадарот и на лице место или со најкусо можно одложено делување ги решаваше сите спорни или проблематични состојби;

7. Перманентно водеше сметка и вложуваше голема енергија и напор за оддржување на една добра, позитивна, спокојна и сигурна атмосфера за работа, без при тоа истата да биде нарушена од било какви надворешни влијанија или проблеми.Секогаш во постигнувањето на ова цел се раководеше од мислата дека вработените кои работат со и околу децата секогаш треба да бидат спокојни, стабилни и невознемирени, а директорот беше бариерата која успешно успеваше тоа да го постигне, создавајќи подобри услови за работа на вработените и за нивната положба;

8. Остваруваше задолжителни разговори, консултации, советувања со работниците со цел да се подобрат констатираните недостатоци, а да се унапредува дејноста, иницираше , координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на градинката и нејзината актуелност;

9. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на установата пред надворешната јавност давајќи придонес кон создавање белег за установата како пример за добро, успешно и одговорно работење;

10. Активно учество даде во одбирањето и осмислувањето на стручните предавања за вработените со цел истите подобро да се едуцираат и да се во тек со сите промени во практиката. Воспостави една успешна нишка на демократичност и отвореност во

работењето со кое вработените имаат можност да се почувствуваат не само како извршители, туку пред се како креатори и творци(осмислувачи) на своето работење;

11. Даваше огромен придонес и покажа огромен ангажман околу јавното презентирање на работата, активностите, резултатите и успесите на установата на повеќето јавни гласила;

12. Во текот на годината во секое време овозможуваше прием на родители кои од најразлични побуди и потреби има потреба од разговор и консултација и при тоа во целост разговорите завршуваа со коректна разделба, убаво упатени и разменети совети и сл. ;

13. Во секое време покажуваше подготвеност за соработка како со општината, основното училиште, Комуналното Јавно претпријатие,,Камена Река,, и Домот на културата и други Институции во локалната средина , но  и со други градинки кои работат на територија на источниот регион на општините.

14. Активна работа, вклученост и ангажирање околу организирање и насочување на вработените при спроведената Ревизија на тековниот попис од страна на овластен општински ревизор;

15. Активно ангажирање и успех при истото, околу поднесени барања за намалување на достасани фактури за наплата на потрошена вода (заштеда);

16. Активно учество и помагање при реализацијата на проектот “Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”;

17. Максимално вложување, ангажирање и мобилизирање на вработените во насока на наплата на неподмирените обврски на родителите;

18. Активно, креативно и прилично иницијативно работење во насока на осмислување, имплементирање и спроведување на Акционите планови за заштита на децата, вработените и родителите од премногу високите и ниски температури- насоки добиени од страна на Владата;

19. Максимално ангажирање(кое се уште е во тек) по однос на воведување на циркулирано, електронско евидентирање на нарачки, достава и прием на роба, дистрибуирање на истата до објектите, тамошно евидентирање и сл.;

20. Индивидуално работеше на сопственото педагошко - психолошко стручно усовршување и учество на советувања, семинари и други стручни средби;

21. Даваше неопходна помош во организирањето и реализирањето на активностите од страна на негувателите и воспитувачите, запознавање со педагошката документација и давање насоки за нејзино правилно водење и континуирано следење на нивната стручна работа.  и електронско водење на педагошката документација;

22. Во текот на годината еднаш месечно ,а понекогаш и по потреба – интерветно, организираше реализација на Стручниот совет на градинката, ја следеше, насочуваше, поттикнуваше и координираше работата во установата –глобално;

23. Работеше активно при изготвување на анализи, извештаи, информации и други податоци во врска со реализирањето на Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование;

24. Ја координираше целокупната дејност ,трудејќи се и обезбедувајќи соодветни услови и материјали за спроведување на активности од новата програма;

25. Перманентно вршеше увид врз финансиското, материјалното и административното работење консултирајќи се навреме со службите во административниот дел при тоа давајќи соодветни насоки за реализација за понатаму;

26. Перманентно иницираше и спроведуваше аналитики од најразличен тип со цел да се следат состојбите во установата пореално и понавремено;

27. Активно учествуваше во подготвувањето на листата за јадење ,посебно давајќи акцент на здравата исхрана кај децата и набавувањето на храна според нормативите предвидени од МТСП на Р.С.Македонија;

28. Присуствуваше на сите седници на Управниот одбор, го информираше за состојбите, целокупната работа во ЈОУДГ и настојуваше да се реализираат донесените одлуки и заклучоци, како и редовно присуство на Совет на Општина со цел пренесување на работењето на Раководниот и органот на управување.

29. Ангажирање за дисциплина и одговорност на вработените за поуспешно извршување на работните задачи, за успешно, економично и рационално работење;

30. Имаше соработка со родителите вклучувајќи ги во органите на управување на ЈОУДГ, насочување за застапување на најадекватните форми на соработка, а исто така се организираше советодавна дејност за вклучување на родителите во одделни активности во градинката, заради подобрување на условите за работа, како и соработката со Воспитувачите за реализирање на е-занимална за времена пандемијата.

31. Директорот се залагаше за подобрување на општите услови за работа, просторно опремување, тековно одржување, дополнување и обновување на дидактички и основни средства за успешно изведување на воспитно -образовниот процес и целокупниот живот на детето во градинката;

32. Одговорно, во текот на целата година водеше грижа за безбедноста и здравјето на вработените при работа, преку систематски и санитарни прегледи,

33. Даваше активен и несебичен придонес од креативен и советодавен аспект при организацијата на многубројни активности кои установата ги реализираше како домаќин;

34. Вршеше и други пропратни работи кои произлегуваа со текот на работата,а беа во доменот на работата на директорот, конкретно изминатата година се преземаа активности за време на пандемијата по насоки од МТСП и Министерство за здравство.

35.Поради состојбата со пандемијата Директорот дел од планираните програмски и инвестициони цели не беше во можност да ги реализира.

## 12. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ

Реализацијата на годишната програма за работа на стручната служба претставува дел од реализацијата на годишната програма за работа на градинката, како и учество во е-занимална. Планот и реализацијата на работните задачи можат да се видат од годишната програма на службата, а овој извештај претставува општ осврт на реализација од планирањето кое во кратка форма се состои во наредните активности. Во текот на месец Септември редовно изготви сопствена програма за работа. Во текот на учебната 2019/2020 година со логопедски третман опфатив 45 деца на возраст од 3-6 години. Реализирав индивидуални третмани и групни третмани, во зависност од видот и степенот на артикулативните отстапувања и возраста на децата.

.Во текот на третманот реализирав континуирани консултации со воспитувачите за примена на постигнатиот корегиран говор со што им се даваа упатства на воспитувачите за прилагодување на децата во самата група .

Во текот на месец Септември следеше опсервација, анализа и артикулационо тестирање за степенот на усвоеност на правилна артикулација кај секое дете. Ја водев следната документација: • Извештај за индивидуална и групна работа со секое дете •Досие за напредување на децата кои одат на третман; • Друга техничка документација (распоред на работа, список на деца по групи и индивидуални тетратки) .

Карактеристики на децата кои доаѓаа на третман:

Децата кои доаѓаа на третман беа пред се со потешкотии во говорот. Тие имаа потешкотии во говорното изразување, како и проблеми во социјалната комуникација и адаптација. Дел од децата имаа неправилен или делумно развиен говор, мал фонд на зборови на македонски јазик и погрешна употреба пред се на членовите, родовите и глаголските времиња во комуникација. Исто така, поголемиот дел од децата имаа потешкотии при самостојно составување на реченици и раскажување по тематски слики. Децата кои имаа проблем со неправилно артикулирани 1-2 гласа навремено ги усвоија.

Видови на третман:

• Со децата изведував индивидуален и групен третман; • Користев многу нагледност : тематски слики, артикулационо огледало, логички игри, книги и списанија, игровен материјал за развој на говорот, слагалици, шпатули, ориентационен материјал и сл. Со децата работев врз развој на:

• Слушање• Зборување/развој и корекција на говор • Темп на говор • Флуентен говор

Заклучоци:

Во текот на третманот значителни резултати постигнав со сите деца кои се со потешкотии во говорот и успешно завршив со повеќето претшколски деца, како и делумни резултати кај одредена група на деца кои имаа потешкотии при изговор на повеќе гласови.

При работата со родители, советодавна и едукативна улога за адекватен пристап кон децата како и логопедски третман на деца со потешкотии во говорот и јазикот се водеше сметка за индивидуалниот пристап кај детето.

## 13. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ПРОФЕСОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Согласно со основите на програмата за работа на стручниот соработник професор по англиски јазик во предучилишната установа како и Годишната програма за работа на Градинката, во воспитната 2019/2020 година ги реализирав следните работни задачи:

- Изготвив годишна програма по која ја реализирав наставата по англиски јазик

- Учествував во планирањето на активностите за изучување на англискиот јазик преку избор на тематска единица за воспитни групи од 2 до 6 годишна возраст,во вкупно 8 групи;

- Ги определив начинот, методите и сретствата за реализација на активностите;

- Наставата ја реализирав преку соодветни прирачници, работни тетратки, наставни помагала, дидактички материјали и други аудио-визуелни сретства;

- Работев дополнително и со децата кои имаат потешкотии во совладувањето на материјата, но и со децата кои покажуваат поголем интерес и способност за усвојување на истата;

- Изработував дополнителни материјали кои служат за утврдување и повторување на темите;

- Организирав работилници на дадени теми;

- Учествував во приредби на одредени теми кои се во склоп со програмата и во соработка со воспитувачите;

- Учествував во дополнителни активности поврзани со културни настани (театар, кино, изложби и сл.)

-Во текот на летниот период бев вклучен во секојдневните активности. Временските услови овозможија користење ,уредување на дворовите како места за реализирање на летните активности.

- Учествував  и во физичките активности кои беа реализираа со полигони и разни реквизити за игри на отворен простор.

-Учествував во активностите на е-занимална за време на пандемијата.

- Во топлите периоди од  денот активностите продолжуваа во разладените простории, во салите и занималните. Преку power point презентациите кои претходно ги имав подготвено им разкажував различни приказни кои децата со внимание ги следеа.

ЈОУДГ,,БАМБИ,,М.КАМЕНИЦА

Датум: Директор:

26.08.2020 Снежана Златановска